# КРИВИЧНИОТ СОВЕТ

*versus*

# ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

18 ФЕВРУАРИ 2016

**Издавач:**
Коалиција Сите за правично судење
За изадавачот:
Д-р. Мирјана Иванова Бојаџиевска

**Автори:**
М-р. Александра Богдановска
Адвокатка Натали Петровска

**Дизајн:**
Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

Политичката и институционална криза која се случи во Република Македонија во текот на 2015 година резултираше со склучување на Договорот од Пржино на ден 2 јуни[1] и 15 јули 2015 година[2]. Таканаречениот Договор од Пржино кој беше склучен од страна на четирите најголеми политички партии во Македонија, со поддршка за неговото спроведување од Европската унија и САД има цел да обезбеди законски и институционални реформи претходно посочени во Извештајот на експертската група на Прибе[3] и Итните реформски приоритети[4].

Покрај повеќето точки кои се наброени во договорот од Пржино, сакаме да дадеме посебен акцент на точката која се однесува на Обвинителството за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникации - Специјалното Јавно Обвинителство (СЈО). – ***"До 15 септември 2015 година ќе има нов, специјален обвинител со целосна автономија да ја води истрагата околу следењето на комуникациите. Овој специјален обвинител се именува преку договор на долупотпишаните страни."***[5]

Иако покрај бавното имплементирање на останатите точки од Договорот од Пржино, а за дел од нив и целосно неисполнување, делот од истиот кој се однесува на избор на специјален обвинител е исполнет. Но, предизвиците со кои се соочуваше и со кои сè уште се соочува СЈО се повеќебројни и од различни карактери[6].

И покрај сите притисоци, опструкции и доцнења со одредени одлуки поврзани со работата на СЈО, **на ден 12.02.2016 година СЈО јавно излезе на прес конференција на која го најави нивниот прв случај со работно име "Титаник" поврзан со прислушуваните материјали, кој се однесува на изборните измами -злосторничко здружување, повреда на избирачко право, повреда на слобода на избирачите, поткуп при избори и гласање, уништување на избирачки материјали, злоупотреба на средства од изборна кампања.** Како и дека е отворена и истрага против 5 судии на управниот суд и 4 членови на ДИК заради злоупотреба на службената должност во 2013-та година.

---

[1] http://ec.europa.eu/enlargement/news_corner/news/news-files/20150619_agreement.pdf
[2] http://europa.eu/rapid/press-release_STATEMENT-15-5372_en.htm
[3] The former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts' Group on systemic Rule of Law issues relating to the communications interception revealed in Spring 2015, www.ec.europa.eu/enlargement/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf
[4] Urgent Reform Priorities For The Former Yugoslav Republic Of Macedonia, June 2015, www.ec.europa.eu/enlargement/news_corner/news/news-files/20150619_urgent_reform_priorities.pdf
[5] http://europa.eu/rapid/press-release_STATEMENT-15-5372_en.htm
[6] http://vistinomer.mk/napad-so-krivichni-prijavi-vrz-sjo-fenomen-vo-pravosudnata-praktika/ ; http://24vesti.mk/novi-krivichni-prijavi-protiv-obviniteli-vo-sjo; http://www.libertas.mk ; http://www.mkd.mk/makedonija/politika/specijalnoto-obvinitelstvo-dobi-novi-prostorii-na-gologanov-foto#1

**Согласно чл.165 ст.3 од Законот за кривичната постапка каде се наведени основите за определување притвор, СЈО на ден 12.02.2016 година согласно чл.166 достави два предлози за определување мерка притвор и тоа еден предлог до судија на претходна постапка од Одделот на организиран криминал и еден до судија на претходна постапка во Одделот кривично полнолетни.[7]**

Во однос на првиот предлог кој се однесува за осум лица за време на извршеното сослушување на доведеното лице Е.Т. во судот сами се појавиле и лицата М.Ј., М.П., и К.М., во присуство на нивните полномошници. Додека пак за останатите четири лица од првиот предлог од страна на нивните полномошници судот записнички е известен дека лицата поради патување, за што се презентирани авионски карти не се во можност веднаш да се јават во судот, но дека ќе се јават тогаш кога ќе определи судот. За лицето од вториот предлог договорено е истото да се појави во судот во понеделник – 15.02.2016 година.

На ден 12.02.2016 и 13.02.2016 година пред истражен судија беа сослушани присутните лица против кој е поднесен предлогот во присуство на нивните полномошници, а постапувајќи во смисла на чл.165 ст.1 од ЗКП судијата на претходна постапка ценејќи ги основите за притвор наведени во предлогот на обвинителството, за секој од наведените лица поединечно, во рок од 6 часа по завршување на сослушувањето, ги донесе следните решенија:

***"Во однос на лицето Е.Т. се одбива предлогот за притвор и му се определува превентивна мерка, јавување во Судот во Ресен еднаш неделно. Водејќи сметка да не се применува потешка мерка за обезбедување ако истата цел може да се постигне со друга мерка, дотолку повеќе на видливата здравствена состојба на лицето.***

***По однос на другите три лица одлуката на судија на претходна постапка е дека предлогот се одбива. Причините за оваа одлука се наведени во образложението, за кој е дозволена рок за жалба во рок од 24 часа и со оглед на тоа дека не се правосилни не може дополнително да се коментира, а кога ќе бидат правосилни ќе бидат објавени на страната на судот."***

По вака донесените решенија за одбиен предлогот за притвор за четирите лица, СЈО во рокот од 24 часа а согласно чл.169 ст.3 од ЗКП – *"Против решението на судијата на претходна постапка со кое се одбива предлогот за определување притвор, дозволена е жалба во рок од 24 часа до советот од членот 25 став (5) на овој закон. Жалбата не го задржува извршувањето на решението. Против решението на советот од членот 25 став (5) на овој закон, со кое се определува притвор, обвинетиот има право на жалба во рок од 24 часа за која одлучува советот на повисокиот суд."* поднесе жалба.

---

[7] http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx

Иако на ден 15.02.2016 продолжија сослушувањата на останатите четири лица од првиот предлог за определување мерка притвор до судија на претходна постапка од Одделот на организиран криминал како и сослушувањето за едно лице по предлог за определување мерка притвор до судија на претходна постапка во Одделот кривично полнолетни, паралелно со тоа течеше и рокот од 48 часа на советот од чл.25 ст.5 на ЗКП да донесе одлука по поднесените жалби од страна на СЈО а согласно чл.169 ст.4 од ЗКП – *"Во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член советот што одлучува по жалбата е должен да донесе одлука во рок од 48 часа."*

**Согласно ЗКП, кривичниот совет од чл.25 ст.5 од ЗКП во рок од 48 часа требаше да донесе одлука по жалбите до крајот на ден 16.02.206 година, но истото не беше сторено.**

Паралелно по сослушување на останатите пет лица на ден 15.02.206 година, во доцните вечерни часови судот донесе решенија за одбиен предлог за притвор за останатите четири лица од првиот предлог за определување мерка притвор, а на лицето од вториот предлог за определување мерка притвор истото е одбиено и му е определена - Мерка за претпазливост од член 146 ст.1 т.6 од ЗКП, односно Забрана за приближување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со определени лица.

Откако, СЈО и за овие одбиени предлози за определување притвор поднесе жалби во рокот од 24 часа, Основниот суд Скопје 1 во попладневните часови на ден 16.02.2016 година излезе со соопштение дека по сите жалби ќе одлучува одеднаш, бидејќи откако ги добиле сите жалби и го комплетирале предметот, од тогаш почнува да тече рокот од 48 часа во кој ќе одлучуваат.

Ваквото постапување на судот наиде на многубројни реакции од страна на адвокати и истакнати правници, нарекувајќи ја оваа постапка на судот ***преседан***. Во таа насока, нашиот став е дека оваа постапка на судот е невообичаена и е вонредна, истата може да се смета за преседан, но во случајов, многу поважно е тоа што со непочитување на законски предвидените рокови имаме случај за класично противзаконито постапување од страна на судот.

Конкретно, прекршен е членот 169 ст.4 од ЗКП – *"Во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член советот што одлучува по жалбата е должен да донесе одлука во рок од 48 часа."* Имено, кривичниот совет по истекот на 48 часа сè уште не донесе одлука за изјавените први четири жалби, што значи дека кривичниот совет постапи спротивно на законот.

**Кривичниот совет во попладневните часови на ден 18.02.2016 година составен од тројца судии по секој поединечен предмет по жалба на обвинителството во кој како членови на совет учествува сите судии од Одделот за организиран криминал и корупција донесе решение со кое жалбите на обвинителството за гонење кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите, за лицата Е.Т., М.Ј. М.П., и К.М., се одбиваат како неосновани, а решението на судија на претходна постапка се потврдува.**[8]

Дополнително во соопштението на судот наведено е дека *"Постапувајќи по жалбите поднесени од обвинителството советот* ***почитувајќи го законски предвидениот рок*** *донесе решенија кои во текот на денешниот ден беа писмено изработена и експедирани до странките."*[9]

Се поставуваат повеќе прашања:

- Што се случи со одлучувањето од страна на кривичниот совет по сите изјавени жалби од страна на СЈО?
- Дали во Договорот од Пржино со исполнувањето на едниот единствен услов кој се однесува на СЈО се занемарија сите останати законски одредби кои важат а важеле и претходно?
- Крајно, дали меѓународната заедница на утрешната проценка ќе укаже на незаконското постапување од страна на судот?

[8] http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=449
[9] Ibid.